# МИСИОНСКИ СТИХОВИ

Евангелски активности на верниците





ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2025

*Сабота, 4 јануари 2025*

## НАМЕСТО ХРИСТА
**(Елена Вајт – Евангелски работници, 7-8)**

Во сите периоди од земната историја, Бог имал луѓе кои знаеле да ја искористат дадената шанса. На таквите Тој им вели: „Вие сте мои сведоци“. Секогаш имало побожни луѓе кои ги прифаќале зраците на небесната светлина која го осветлувала нивниот пат, и тие на своите ближни им ја пренесувале Божјата Реч. Енох, Ное, Мојсеј, Даниел и сите други патријарси и пророци биле проповедници на правдата. Тие не биле безгрешни, туку слаби и грешни луѓе, но Господ дејствувал преку нив, бидејќи тие се ставиле во Негова служба.

Возвишениот поглавар на црквата, Христос, откако се вознел на небото, своето дело на земјата го продолжил преку своите избрани орудија, преку кои им зборувал на човечките синови во служба на нивните потреби. Луѓето кои биле повикани од Христа со цел преку словото и науката да работат на изградба на Неговата црква, имаат многу одговорна положба. Тие, наместо Христа треба да ги повикуваат луѓето да се помират со Бога, а оваа задача ќе може да ја извршат само ако примат мудрост и сила озгора.

Божјите слуги како негови пратеници симболично се прикажани со седум ѕвезди на кои Тој како Алфа и Омега им обрнува особено внимание и заштита. Благословените влијанија со кои црквата треба да изобилува, се во тесна поврзаност со овие Божји пратеници кои треба да ја прикажуваат Божјата љубов. Небесните ѕвезди се наоѓаат под постојан надзор од Бога. Тој им дава сјај, ги води и го насочува нивното движење. Кога не би го правел тоа постојано, тие би паднале. Така е и со служителите во Неговото дело. Тие се орудија во Неговата рака, така што сите добрини коишто се прават, се остваруваат преку Неговата сила.

На Христа му причинува чест што овие слуги преку делувањето на Светиот Дух може да ги направи благослов за црквата кој за неа ќе значи многу повеќе од значењето кое го имаат ѕвездите за светот. Спасителот треба да биде извор на нивната сила и делотворност. Ако гледаат на Него, како што Тој гледал на Таткото, тогаш

ќе можат да ги прават Неговите дела. Онолку колку што ќе се надеваат на Бога, Тој ќе може да им ја открие својата слава за да може подоцна да му ја објават на светот.

*Сабота, 11 јануари 2025*

## ДУХОВНИ СТРАЖАРИ
**(Елена Вајт - Евангелски работници, 8-9)**

Христовите слуги во својство на проповедници претставуваат духовни стражари на сите кои им се доверени на нивната грижа. Нивната задача е слична на задачата на стражарите. Во старо време стражарите биле поставувани на градските ѕидини од каде што најдобро можеле да ги набљудуваат важните точки во рамките на нивната должност и да известат кога непријателот ќе се приближува. Од нивната верност во извршувањето на задачата зависела безбедноста на сите оние кои се наоѓале во градот. Тие во определени временски интервали требало да се довикуваат, за да посведочат дека сѐ уште се на должност и дека не им се случила одредена незгода. Повикот на охрабрување или опомена се пренесувал од еден на друг, а сите го повторувале сѐ додека гласовите не го обиколиле целиот град.

На секој свој пратеник Бог му вели: „И тебе, човечки сине, те поставив за стражар на Израелевиот дом: кога ќе чуеш слово од Мојата уста, опомени ги во Мое име. Ако му речам на безбожникот: ‘Безбожнику, ќе умреш!’ - а ти не проговориш и не го опоменеш безбожникот за да се врати од својот лош пат, безбожникот ќе умре заради својот грев, ама неговата крв ќе ја барам од твојата рака. Но ако го опоменеш безбожникот за да се врати од својот лош пат, а тој не се врати од својот пат: тој ќе умре заради својот грев, а ти ќе го спасиш својот живот“ (Езекил 33, 7-9).

Овие зборови на пророкот ја објаснуваат големата одговорност која лежи на оние кои се поставени како чувари во црквата, односно за повереници на Божјите тајни. Тие треба да стојат како стра-

жари на Сионските ѕидови за да може јасно да предупредат на опасноста која доаѓа со приближувањето на непријателот. Ако нивните духовни сетила од која било причина се толку ослабени што не се во состојба да ја согледаат опасноста, и ако некој пропадне затоа што не бил навремено опоменат, тогаш Бог од нивните раце ќе ја бара крвта на изгубените.

Стражарите од Сионските ѕидови имаат предност да стојат близу до Бога и да бидат подложни на влијанието на Неговиот Дух, така што Тој ќе може да делува преку нив со цел грешниците да ги опомене за опасноста која доаѓа и засолништето кое треба да го побараат. Избраните од Бога, кои се запечатени со посветување, мора да ги спасуваат мажите и жените од пропаста која им се заканува. Тие мора да им ги укажуваат на ближните неминовните последици на престапот, но истовремено верно да ги чуваат интересите на црквата. Треба постојано да бидат будни. Нивното дело ги бара сите способности на човековото суштество. Нивниот глас мора да одекнува како труба. Со својата порака никогаш не смеат да даваат нејасен и неодреден тон. Тие не треба да работат за платата која ја примаат, туку затоа што имаат должност, свесни дека ќе ги стигне проклетство ако не го проповедаат евангелието.

*Сабота, 18 јануари 2025*

## ПРИМЕРИ НА ЧОВЕЧКА ПОСТОЈАНОСТ
## (Елена Вајт - Евангелски работници, 11-12)

Божјите слуги не примаат никакво признание или чест од овој свет. Стефан бил каменуван затоа што го проповедал распнатиот Христос. Павле бил фрлен во затвор, бил удиран, каменуван и најпосле убиен затоа што верно им ја пренесувал Божјата порака на незнабошците. Апостол Јован бил протеран на островот Патмос „заради Божјото Слово и сведоштвото за Исуса.“ (Откровение 1,9). Овие примери на човечка постојаност, благодарение на божествената сила, му сведочат на светот за вистинитоста на Божјите ветувања, за Неговата постојана присутност и нежно сочувство.

Иднината на Божјите непријатели не ги осветлува надежта за славната бесмртност. Големиот воин кој ги победува народите и од чие приближување се тресат војските на целиот свет, сепак умира разочаран и прогонет. Филозофот, чии мисли кружат низ целата вселена, во сето тоа гледа траги на исполнување на Божјата сила која восхитува со сеопштата хармонија, често не е во состојба во овие чудесни појави да ја види раката на Оној кој е Создател на вселената. „Човекот кој живее неразумно, сличен е на животните што гинат" (Псалм 49,20). Меѓутоа јунаците на Божјата вера се наследници на наследството кое е поголемо од земните богатства; тоа наследство може да ги задоволи копнежите на душата. Тие на овој свет се целосно непознати и непризнати, но во небесните книги тие се забележени како небесни граѓани, така што непоминливата големина и вечната слава ќе бидат нивна награда.

Највозвишеното дело и најблагороден труд на кој може човекот да му се посвети е на грешниците да им укажува на Божјето јагне. Вистинските проповедници се Божји соработници во остварување на Неговите цели, а Неговата намера гласи: „Но, како ќе Го повикаат Оној, во Кого не поверувале? А како ќе поверуваат во Оној, за Кого не чуле? А како ќе чујат без проповедник?" (Римјаните 10,14).

„Колку се прекрасни по планините нозете на гласоносецот на радоста кој разгласува мир, носи среќа и проповеда спасение, говорејќи му на Сион: 'Твојот Бог царува!' Ликувајте, воскликнувајте, ерусалимски урнатини, зашто Господ го утеши Својот народ и го искупи Ерусалим. Господ ја оголи Својата света мишка пред очите на сите народи, за да го видат сите краишта на земјата Спасението на нашиот Бог" (Исаија 52,7.9.10).

Христовите работници никогаш не треба да помислат дека нивната работа ќе биде безуспешна и уште помалку да зборуваат за тоа. Господ Исус е извор на нашата делотворност во сите работи; Неговиот Дух треба да биде наша инспирација. Ако се ставиме во Негови раце со цел да нè употреби како канали на светлината, тогаш нашите можности да правиме добро ќе бидат неисцрпни. Секогаш ќе можеме да земаме од Неговото изобилство и да примаме од Неговата милост која не познава никакви граници.

*Сабота, 25 јануари 2025*

## НИВАТА Е СВЕТОТ
## (Елена Вајт - Евангелски работници, 11-12)

*„А кога одеше покрај Галилејското Море, ги виде двајцата браќа: Симона, наречен Петар, и брата му Андреја, дека фрлаа мрежа во морето, зашто беа рибари, па им рече: 'Дојдете по Мене и Јас ќе ве направам рибари на луѓе!' А тие веднаш ги оставија мрежите и Го следеа. И кога отиде оттаму, виде натаму други двајца браќа: Јакова Заведеев и брата му Јована, во кораб со татка им Заведеј, како ги крпат своите мрежи, и ги повика. И тие веднаш ги оставија коработ и татка си и Го следеа“ (Матеј 4, 18-22).*

Брзото и безусловно покорување на овие луѓе, без никакви изгледи за соодветна награда, ни изгледа чудно, но Христовите зборови биле повик во кој се криела неодолива сила. Христос сакал овие скромни рибари да ги поврзе со себе и да ги направи орудија кои ќе ги ослободуваат душите од сатанската служба и ќе ги доведуваат во служба на Бога. Со оваа постапка тие биле повикани да станат сведоци со цел Божјата вистина, ослободена од преданијата и лажливите заклучоци на луѓето, да ја пренесат на светот. Усовршувајќи се во Неговите доблести, живеејќи и работејќи заедно со Него, требало да се квалификуваат за работа со луѓето.

На овој начин првите ученици биле повикани во служба на евангелието. Тие три години работеле во заедница со својот Спасител и благодарение на Неговото учење, преку Неговите дела на лична работа и исцелување, се подготвиле да го продолжат делото кое Тој го започнал. Со едноставност, чиста вера и скромна служба овие ученици биле поучени да ја носат одговорноста во Божјето дело.

Во искуствата на апостолите може да пронајдеме многу поуки за нашиот личен живот. Овие луѓе во начелата биле цврсти како челик. Не биле подготвени на отстапки, ниту пак можеле да се обесхрабрат. Биле полни со стравопочитување и ревност кон Бога, со благородни намери и копнежи во срцето. По природа биле слаби и полни со недостатоци, исто како оние кои денеска се нао-

ѓаат во делото, но во целост се потпирале на Господа. Би можеле да ги наречеме богати, но во душата и духот; ова богатство може да го има секој поединец кому Бог му е прв и последен, и најважен во сè. Тие долго време се труделе да ги совладаат поуките кои им биле дадени во Христовата школа, така што нивниот труд не бил залуден. Тие биле поврзани со Најголемиот од сите учители, постојано копнееле кон подлабоко, пошироко и поцелосно познавање на вечните реалности, со цел богатството на вистината со успех да ја пренесат на светот кој копнее за неа.

И денес се потребни работници со овие карактерни особини, луѓе кои без никакви услови ќе се посветат во делото на објавување на Божјето царство на светот кој е пропаднат во гревот. На светот му се потребни мисловни луѓе кои се држат до начелата и кои постојано ќе се развиваат во моќта на расудувањето. Потребни се луѓе кои знаат на најдобар начин да ги искористат предностите на печатот, со цел вистината да добие крилја и да допре до секој народ, племе и јазик ширум светот.

*Сабота, 1 февруари 2025*

**ЕВАНГЕЛИЕТО ВО СИТЕ ЗЕМЈИ (прв дел)**
**(Елена Вајт - Евангелски работници, 16-17)**

Светлоста на вистината треба да продира на сите страни, а срцата на луѓето да се разбудат и да се обратат кон Бога. Евангелието мора да се проповеда во сите земји. (25) Божјите слуги треба да работат близу и далеку, проширувајќи ги деловите на Господовото лозје во секоја далечна земја. Тие мора да работат додека е ден, бидејќи доаѓа ноќ кога не ќе може да се работи. Распнатиот Спасител на крстот мора да им се објавува на грешниците, за да се слушнат многу гласови при укажувањето: „Еве Го Божјото Јагне, Кое ги зема гревовите на светот!“ (Јован 1,29) Мора да се основаат цркви и да се создаваат планови за начинот на кој членовите на новоформираните цркви ќе може да се насочат во работата. Ако

работниците на својата должност во новите полиња појдат со ревност и љубов кон Бога, црквите кои останауваат во мисијата ќе оживеат, бидејќи за успехот на работниците секој член ќе биде лично заинтересиран.

Потребни се трудољубиви и самопожртвувани луѓе и жени кои со длабоки воздишки и солзи ќе му се молат на Бога за душите кои се наоѓаат на работ на пропаста. Нема жетва без сеење, ниту резултати без вложени напори. Аврам бил повикан да ги напушти своите роднини со цел светлоста на вистината да ја однесе на незнабошците. Без противење се покорил да „излезе не знаејќи каде оди“ (Евреите 11,8). И денеска се потребни Божји слуги кои ќе појдат на местата каде што Бог ги праќа, полни со доверба дека Тој ќе ги води, а нивните напори ќе ги круниса со успех во работата.

Страшната состојба во која се наоѓа светот би можела да нѐ наведе да помислиме дека Христовата смрт била залудна и дека сатаната се радува поради тоа. Повеќето жители на земјата својата поданичка верност му ја укажуваат на непријателот. Сепак, ние не сме измамени. И покрај привидниот триумф на сатаната, Христос го продолжува своето дело на само во небесното светилиште, туку и на оваа земја. Божјата реч верно го опишува беззаконието и изопаченоста која ќе владее во последните денови. И кога пред наши очи овие пророштва се исполнуваат, нашата вера во конечната победа на Христовото царство мора да биде засилена; со нова храброст мора да појдеме на извршување на задачите кои ни се доверени.

Сериозните и свечени опомени мора да се објавуваат во најтешките полиња, во безбожните градови и во секое место каде светлината на тројната ангелска вест сѐ уште не продрела. Секој мора да го слушне последниот повик на вечера за свадбата на Јагнето. Пораката на сегашната вистина мора да се објавува од село до село, од град во град, не со горделива самобендисаност, туку со кротката сила на Духот. Ако божествените начела, поради кои нашиот Спасител дошол на оваа земја се прикажат во едноставноста на евангелието, силата на оваа порака навистина ќе се почувствува. Нов живот примен од Изворот на животот, треба да ги проникнува сите работници. О, колку малку ја сфаќаме големина-

та на својата мисија! Истрајноста и цврстината во верата, непоколебливоста и храброста се особини кои ни се неопходно потребни. Времето кое ни преостанува за работа е многу кратко, мора да работиме со неуморна ревност.

*Сабота, 8 февруари 2025*

**ЕВАНГЕЛИЕТО ВО СИТЕ ЗЕМЈИ (втор дел)**
**(Елена Вајт - Евангелски работници, 16-17)**

„Нивата е светот“ (Матеј 13,28). Значењето на оваа реченица и денес не можеме да ја сфатиме подобро од апостолите кои први добиле налог да го проповедаат евангелието. Целиот свет претставува големо мисионско поле. Ние кои одамна знаеме за оваа порака на евангелието, треба да бидеме охрабрени од помислата дека полињата кои некогаш биле тешко достапни денеска не претставуваат никаква тешкотија. Земјите кои некогаш биле затворени за ширење на евангелието, денеска ширум ги отвораат своите врати и молат да им се проповеда и објаснува Божјата реч. Владетелите и луѓето на високи положби ги отвораат долго затворените врати и ги повикуваат гласниците да влезат. Навистина, жетвата е голема. Само вечноста ќе ги покаже последиците на денешните мудро насочени напори. Провидението ни отвора пат и бескрајната сила ќе соработува со луѓето. Очите мора да бидат слепи за да не видат на кој начин работи Господ, а ушите глуви за да не го слушнат Христовиот пастирски повик кој ги повикува своите овци.

Христос со длабок копнеж очекува Неговото влијание да допре до срцата на сите човечки суштества, Неговиот лик и карактер да биде втиснат во секоја душа. Додека бил на земјата, Неговата душа копнеела за сочувство и соработка со цел Неговото царство да се прошири и да ја опфати целата земја. Оваа земја претставува негова откупена сопственост и Тој сака да има слободни, чисти и свети поданици. Поради радоста која претстои, Тој „го претрпе крстот, презирајќи го срамот“ (Евреите 12,2). Неговиот земен пат

го олеснила мислата дека страдањата и маките нема да бидат залудни, бидејќи ќе придобијат луѓе кои ќе се вратат кон својата првобитна верност кон Бога. А, победите кои ќе ги придобиваат со Христовата крв во бескрајните времиња на вечноста ќе донесат слава на Бога и Јагнето. Незнабошците ќе бидат Негово наследство а најоддалечените краишта на земјата ќе бидат Негова сопственост. „Заради страдањата на Својата душа ќе види светлина и ќе се насити со нејзиното сознавање“ (Исаија 53,11).

„Стани, засвети, зашто твојата светлина доаѓа, над тебе блеска Господовата Слава, а еве, темнината ја покрива земјата, и мракот народите! А тебе те осветлува Господ, и Неговата Слава се јавува над тебе. Народите чекорат кон твојата светлина, и царевите кон исток на твојот сјај. Подигни ги очите, обѕрни се: сите се собираат, доаѓаат кон тебе. Твоите синови доаѓаат од далеку, ти ги носат ќерките во прегратки. Тогаш ќе гледаш и ќе блескаш од радост, срцето ќе ти игра и ќе се шири, зашто кон тебе ќе затече богатството на морето, богатството на народите ќе дојде кон тебе. Како што земјата ги никнува своите растенија, како што во градината никнува семето, Господ ќе направи да никне правдата и пофалбата пред сите народи“ (Исаија 60,1-5; 61,11).

Налогот кој им е даден на првите ученици се однесува и на нас. Во денешно време, слично како тогаш, треба да го воздигнеме распнатиот и воскреснат Спасител пред очите на луѓето кои живеат без Бога и без надеж на овој свет. Господ ги повикува луѓето во служба на пастири, учители и евангелисти. Неговите слуги се повикани пораката на спасението да ја објавуваат од врата до врата. Добрите вести за простувањето на гревовите преку Христа треба да се однесат на секој јазик, племе и народ. Оваа порака мора да се објави не со безживотни и невпечатливи зборови, туку со опомена преку бегство да ја спасуваат сопствената душа. Светот во христијаните мора да види очевиден доказ за спасоносната сила на христијанството. Весниците на милоста се потребни не само во некои места, туку и на целата земја.

Постојаното размислување за Христовата љубов која со ништо не можеме да ја спoредиме, ги облагородува мислите, го чисти ср-

цето и го преобразува карактерот на оној кој постојано се занимава со нив. Таквиот може да биде светлина на светот, така што и самиот може да зрачи со оваа таинствена љубов. Колку повеќе размислуваме за крстот, толку подлабоко ќе ни се врежуваат во срцето зборовите на апостолот: „А јас сум далеку од тоа да се фалам со нешто друго, освен во крстот на нашиот Господ Исус Христос, преку кого светот е распнат за мене и јас за светот!“ (Галатјаните 6,14).

*Сабота, 15 февруари 2025*

## ОДГОВОРНОСТ ЗА ДУШИТЕ
**(Елена Вајт - Евангелски работници, 20-21)**

Божјите слуги, во својство на Негови пратеници, мора тесно да се поврзат со Христа и да се угледаат на Неговиот пример во чистотата на животот, самоодрекувањето, добрината, трудољубивоста и истрајноста. Придобивањето на душите за Божјето царство мора да биде нивна првенствена и главна цел. Тагувајќи поради гревовите, со трпение и исполнетост со љубов, тие треба да работат како што работел Христос, да вложуваат решителни и непрекинати напори во работата.

Џон Велч кој бил проповедник на евангелието, толку го чувствувал товарот за душите што навечер често пати станувал и се молел на Бога за нивното спасение. Кога една жена го опоменала дека треба да помисли и на своето здравје и да не се изложува на опасностите да се разболи, тој ѝ одговорил: „О, жено, јас сум одговорен за спасување на три илјади души, а не знам каква е состојбата со нив“.

Во едно гратче во Нова Англија (дел од САД) мајсторите копале бунар. Кога работата била скоро завршена, попуштила земјата од страните и го закопала човекот кој сè уште се наоѓал на дното на бунарот. Во истиот момент се слушнале повици за помош, така занаетчиите, селаните, трговците и службениците притрчале да го спасат несреќникот. Подготвени да помогнат, луѓето веднаш донеле јажиња, скали, лопати и ашови.

„Спасете го, спасете го!“, извикувале луѓето од сите страни.

Луѓето работеле со заеднички сили, така што пот се слевала од нивните лица, додека рацете им треперeле од силните напрегања. Најпосле кон дното пробиле една цевка, преку која го повикувале човекот да се јави, ако сè уште се наоѓа во живот. „Жив сум“, се слушнал одговор, но „побрзајте зошто овде е страшно!“ Со восклици на радост, луѓето повторно се запрегнале во работата. Конечно успеале да допрат до загубениот човек и неговиот живот бил спасен. Извиците на радост, честитање и триумф допирале до небото. „Тој е спасен!“, одекнувало низ сите улици во градот.

Дали тоа била преголема ревност, прескапо залагање и пренагласена радост и воодушевување заради спасението на еден човек? Се разбира дека не. Но што е загуба на овоземниот минлив живот во споредба со вечната загуба на една душа? Кога опасноста од губењето на еден живот во срцата на луѓето буди силни чувства, зарем не би требало вечната загуба на една душа да пробуди многу подлабоко сожалување кај оние кои тврдат дека знаат каква опасност им се заканува на душите кои се одвоиле од Христа? Зар Божјите слуги во својата работа на спасување на душите не треба да покажат иста таква ревност каква што била покажана при спасувањето на овој човек кој бил затрупан во бунарот?

*Сабота, 22 февруари 2025*

## ГЛАД ЗА ЛЕБОТ НА ЖИВОТОТ
## (Елена Вајт - Евангелски работници, 20-21)

Една побожна жена во една пригода рекла: „О кога би можеле да слушнеме за чистото евангелие кое некогаш се проповедало од проповедалните! Нашиот проповедник е добар човек, но не ги познава духовните потреби на народот. Крстот од Голгота го украсува со убави цвеќиња кои го прикриваат срамот и понижувањето. Мојата душа гладува за лебот на животот. Какво освежување би било за илјадниците сироти души како мене, кога би можеле да

слушнеме нешто едноставно, јасно и духовно, нешто што би можело да ги оживее нашите срца".

Има голема потреба за луѓе исполнети со вера, луѓе кои се подготвени не само да проповедаат, туку и да му служат на народот. Потребни се луѓе кои постојано живеат според Божјата волја и непрекинато одржуваат жива врска со небото, луѓе чии зборови ќе имаат сила да ги осведочат срцата на своите слушатели. Проповедниците не смеат да работат за да ги истакнат своите способности и знаења, туку вистината која како стрела на Семоќниот треба да го пробие патот до човечките срца.

По едно библиско предавање кое оставило длабок впечаток на слушателите, на еден проповедник му било упатено следното прашање: „Дали навистина верувате во она што го проповедавте?" „Се разбира", одговорил тој.

„Дали навистина е така како што рековте?", повторно запрашал загрижениот човек.

„Се разбира", одговорил проповедник вадејќи ја својата Библија.

„О", извикнал овој човек, „ако тоа е вистина, тогаш што правиме на ова место?"

„Што треба ние да правиме", си помислил проповедникот.

„Што мислел овој човек да каже?" Тој отишол и во молитва искрено побарал од Бога да му каже што треба да прави. Во текот на молитвата му се наметнала неодолива мисла дека свечената вистина за вечната стварност мора да му се пренесе на светот кој се наоѓа на работ на вечна пропаст. Неговото место на говорницата три недели било празно додека барал одговор на прашањето: „Што треба да правам".

По тоа овој проповедник, примајќи помазание од Светиот Дух, повторно се вратил на својата задача. Сфатил дека неговите проповеди не извршиле никакво влијание кај неговите слушатели. Меѓутоа, сега чувствувал голем товар за душите. Кога излегувал на проповедалната не бил повеќе сам. Пред него стоела голема задача, но знаел дека Бог ќе му помогне. Откривајќи им го Божјиот Син, пред слушателите го воздигнал Спасителот и Неговата чудесна љубов. Наскоро дошло го големо оживување на верата кое се проширило и на околните цркви.

*Сабота, 1 март 2025*

## НАШИТЕ ШАНСИ
### (Елена Вајт - Евангелски работници, 23-24)

Се приближуваме кон крајот на земската историја. Пред нас стои една голема задача- завршниот чин во објавување на последната опомена на светот кој е потонат во гревот. Бог ќе ги повика земјоделците, лозарите и луѓето од другите занимања и ќе ги прати оваа порака да му ја објават на светот.

Светот западнал во потполна изопаченост. Додека ја набљудуваме оваа слика, изгледот на иднината во многу работи нè обесхрабрува. Но, Христос со целосна сигурност која влева голема надеж ги дочекува оние души кои според наше мислење многу малку ветуваат. Тој во нив гледа карактеристики кои ќе ги оспособат да го заземат местото во Неговото лозје. Ако се подготвени постојано да учат, Тој ќе ги направи мажи и жени оспособени за задачата која не ги надминува нивните способности; преку Светиот Дух Тој ќе им даде сила на нивните зборови.

Во многу полиња во кои сè уште не е работено и кои многу малку ветуваат, неопходно е најпрвин да тргнат почетници. Ведрината на Спасителовиот поглед кон светот, ќе им влее храброст на многу работници кои, ако својата работа ја прифатат во понизност и со цело срце, Тој ќе ги посочи вистинските луѓе на вистинско време и место. Христос ја гледа бедата и очајот на овој свет како сцена која би ги обесхрабрила способните работници, така што не ќе знаат како да започнат со работа и како да ги донесат луѓето до првите скалила на христијанскиот развој. Нивниот строго програмиран начин на работа наскоро би останал без секаква вредност. Тие би стоеле на повисоките скалила говорејќи: „Дојдете ваму каде што сме и ние!“ Но, ујадените души не знаат каде да стапнат со своите нозе.

Христовото срце се радува гледајќи ги оние кои се сиромашни во вистинска смисла на зборот; се радува кога гледа како злоупотребуваните остануваат кротки; се радува на оние кои не се задоволни со себе, кои се гладни за правда, а не знаат како да почнат

нов живот. Тој со задоволство ги прифаќа оние кои нашите проповедници би ги сториле малодушни. Тој ја исправа нашата погрешна претстава за побожноста, така што товарот на работата за сиромашните и неволните во најсуровите средини го пренесува на мажите и жените чии срца сочувствуваат со оние кои се неупатени и до кои тешко може да се пристапи.

Господ ги поучува овие работници како да допрат до оние на кои, според Неговата желба, треба да им се помогне, така што ќе бидат охрабрени кога ќе видат како им се отвораат вратите во места каде ќе можат да започнат со лекарско-мисионерска работа. Имајќи слаба доверба во себе, тие сета слава ќе му ја припишуваат на Бога. Нивните раце може да бидат невешти и груби, но нивното срце многу лесно буди сожалување. Тие се исполнети со искрен копнеж да сторат нешто за олеснување на многубројните страдања, а Христос е тука да им помогне. Тој работи преку оние кои во неволја и страдања ја препознаваат милоста, а добивката ја гледаат во загубата на овоземните работи. Кога Оној кој е „Светлината на светот“ е покрај нив, тогаш тие гледаат предности во сите неволји и страдања, ред во замрсеноста, успех и Божја мудрост во она што изгледа како да е неуспех.

*Сабота, 8 март 2025*

## ДА ИМ СЕ ПРИБЛИЖИМЕ НА ЛУЃЕТО
## (Елена Вајт - Евангелски работници, 23-24)

Браќа и сестри, настојувајте во својата работа што повеќе да им се приближите на луѓето. Охрабрете ги обесхрабрените. Неволјите и тешкотиите прифатете ги како маскирана благодат, а болките и ударите како докази на милоста. Работете така што наместо очајување ќе будите надеж.

И обичниот народ треба да соработува во делото. Споделувајќи ги неволјите и страдањата на своите ближни, како што Спасителот ја споделувал судбината на човековиот род, тие со вера ќе видат

на кој начин Тој соработува со нив.

„Близу е Господовиот ден, голем! Близу е и доаѓа брзо! Горчлив е гласот на Господовиот ден: тогаш и јунакот ќе заплаче“ (Софонија 1,14). Би сакала да му довикнам на секој работник. Појди со вера и понизност и Господ ќе биде со тебе. Но биди буден и моли се. Во тоа е тајната на твојот успех. Силата и крепоста доаѓаат од Бога. Во работата секогаш чувствувај се зависен од Него, имајќи на ум дека си Негов соработник. Тој е твој помошник. Твојата сила доаѓа од Него. Тој ќе биде твоја мудрост, правда, твое посветување и спасение. Земи го Христовиот јарем и секојдневно учи од Неговата кротост и понизност. Во Него ќе најдеш утеха, спокојство и мир.

Спасителот ја познава длабочината на бедата и очајот на повеќето земски жители, го познава начинот на кој може да им се донесе олеснување. На сите страни ги гледа душите во мракот, наведнати под товарот на гревот, страдањата и болките. Но, исто така Тој ги гледа и нивните можности. Ги гледа височините до кои можат да се воздигнат. Иако човечките суштества ја злоупотребиле понудената милост и примените дарови, тие го изгубиле достоинството на својата првобитна сличност со Бога. Сепак, Творецот треба да биде прославен во нивното откупување.

Христос се радувал што за своите следбеници можел да направи повеќе отколку што можеле тие да помислат или да побараат. Тој знаел дека вистината наоружана со семоќната сила на Светиот Дух ќе победи во борбата против злото, а Неговото знаме испрскано со крв триумфално ќе се завиори над Неговите следбеници. Знаел дека животот на Неговите верни следбеници ќе биде сличен на Неговиот, како непрекината низа победи кои на земјата нема да изгледаат славно но ќе бидат признати во бескрајната вечност.

„Ова ви го реков, за да имате мир во Мене. Имате неволја во светот; но бидете храбри - Јас го победив светот.“ (Јован 16,33) Христос никогаш не паднал со духот, никогаш не ја изгубил храброста; на тој начин и Неговите следбеници треба да покажат истрајна вера. Тие треба да живеат според Неговиот пример, да работат како Тој што работел, бидејќи во целост зависат од Него; Тој е нивни Учител и во него имаат голем пример.

Тие мора да бидат храбри, енергични и истрајни. Кога на нивниот пат ќе се појават навидум непремостливи пречки и тешкотии; со Неговата милост и понатаму треба да одат напред. Наместо да се жалат поради настанатите тешкотии, тие треба да се издигнат над нив. Наместо да очајуваат, треба да негуваат надеж. Со златни алки на неспоредлива љубов, Христос ги врзал за Божјиот престол. Тој сака тие да располагаат со највозвишените влијанија во вселената кои произлегуваат од Оној кој е извор на секоја сила за добро. Тие треба да имаат сила да се спротивстават на злото. Неа не може да ја совлада ни земјата, ни смртта, не пеколот, таа е сила која ќе ги оспособи да победат како што победил Христос.

*Сабота, 15 март 2025*

## ХРИСТОС Е НАШ ПРИМЕР ВО СЛУЖБАТА
### (Елена Вајт - Евангелски работници, 27-29)

Нашиот Господ Исус Христос дошол на овој свет со цел неуморно да им служи на потребите на луѓето. „Тој ги зеде нашите слабости и ги понесе нашите болести" (Матеј 8,17). Дошол да ги отстрани бремето и јадот на неволјите и гревот. Негова мисија била на човештвото да му донесе целосна обнова, оздравување на телото и душата, а на луѓето да им подари здравје, мир и совршен карактер.

Околностите и потребите на оние кои ја побарале Неговата помош биле различни, но ниеден страдалник кој дошол кај Него не се враќал беспомошен. Од Неговото битие потекле реки на спасоносна исцелувачка сила која на луѓето им го враќала здравјето на телото, душата и умот.

Делото на Спасителот не било ограничено на одредено време или место; за Неговото сочувство и сомилост немало никакви граници. Неговото дело на исцелување и поучување по својот обем било толку големо што во Палестина немало доволно голема градба за да го смести мноштвото кое се собирало околу Него. Неговата болница се наоѓала на зелените падини на галилејските брда,

на раскрсниците на прометните патишта, на бреговите на езерата, по синагогите и на сите други места каде што гиноселе болните. Во секој помал или поголем град, во секоја населба каде што поминувал ги ставал своите раце врз оние кои страдале и потполно ги исцелувал. Секаде каде што имало луѓе кои биле подготвени да ја прифатат Неговата порака ги утешувал со свечено уверување за љубовта на Небесниот Татко. Во текот на целиот ден им служел на потребите на оние кои доаѓале кај Него, додека навечер своето внимание им го подарувал на оние кои морале цел ден да работат тешка работа со цел на своите фамилии да им обезбедат насушен леб.

Исус носел огромен товар и одговорност за спасение на целото човештво. Тој знаел дека доколку во начелата и целите на човечкиот род не дојде до решителна промена, сè ќе биде изгубено. Тоа бил товарот на Неговата душа и никој не бил во состојба да ја процени и правилно да ја сфати целата тежина на бремето кое го притискало. Во детството, младоста и мажевното доба, Тој поминувал сам. Сепак, одењето во негово присуство, значело придобивање на небото. Секој ден наидувал на искушенија и доаѓал во непосреден контакт со последиците на злото, бил очевидец на разорната моќ и власта над оние кое со цело срце настојувал да ги благослови и спаси. Па сепак не паднал со духот ниту пак дозволил да биде обесхрабрен.

Своите желби во секој поглед строго ги подредувал на својата мисија. Својата големина и слава ја наоѓал во потполното потчинување на Татковата волја. Кога мајка му го нашла како дванаесетгодишно момче во рабинското училиште, таа му рекла: „Чедо, што ни направи така?“ Тој ѝ одговорил со зборови кои претставуваат основен тон на Неговата животна мисија: „Зошто Ме баравте? Зар не знаете дека Јас треба да бидам во она, кое што е на Мојот Татко?”

Неговиот живот бил исполнет со непрекината самопожртвуваност. Тој немал дом на овој свет, освен домот на Неговите пријатели кои го примале како патник. Дошол да живее во најголемо сиромаштво и заради наше добро да се движи и да дејствува помеѓу страдалниците и напатените. Не бил признат, а поминал и исчезнал без почести помеѓу луѓето за кои направил толку многу работи.

Секогаш бил трпелив и пријатно расположен, а сите кои биле

притиснати од одредени работи го поздравувале како весник на животот и мирот. Ги сфаќал потребите на мажите и жените, на децата и младите и на сите им упатил повик: „Дојдете кај мене!“

Во текот на својата мисија, Исус повеќе време поминувал во исцелување на болните отколку во проповедање. Неговите чуда сведочеле за вистинитоста на Неговите зборови дека не дошол да погуби, туку да спаси. Секаде каде што поминувал, вестите за Неговото милосрдие стигнувале пред Него. Каде што поминувал, сите кои биле предмет на Неговото сочувство и сомилост се радувале на здравјето и среќата скокајќи од радост испробувајќи ги повторно добиените сили. Народот во големо мноштво се собирал околу исцелените и од нивните усни слушал за делата кои ги направил Господ. Неговиот глас за многумина бил првиот звук што некогаш го слушнале, а Неговото име првиот збор што го изговориле. Неговото лице било прво кое во животот го здогледале. Тогаш, како со цело срце да не го сакаат својот Спасител и да не ја разгласуваат Неговата слава? Поминувајќи низ селата и градовите, Тој бил како животодавна река која насекаде го шири својот живот и својата радост.

Секое дело на исцелување Спасителот го користел како можност во срцата и душата на луѓето да всади некое божествено начело. Тоа била целта на Неговата мисија. Тој дарежливо ги делел земните благослови, со цел срцата на слушателите да ги придобие во прифаќањето на евангелието на Неговата милост.

Христос можел да го заземе највисокото место меѓу учителите на еврејскиот народ, но Тој повеќе сакал да го проповеда евангелието на сиромашните. Пешачел од место до место, да излезе на патиштата и меѓу оградите за да имаат можност да ја слушнат Речта на вистината. На брегот на езерото, на падините на горите, низ градските улици и собирите на еврејските синагоги, можел да се слушне Неговиот глас како ги објаснува Светите списи. Често пати поучувал во надворешното предворје на храмот со цел и незнабошците да може да ги слушнат Неговите зборови.

Христовото учење битно се разликувало од начините на кои книжниците и фарисеите ги објаснувале Светите списи. Токму тоа го привлекло вниманието на народот. Рабините главно се задржу-

вале на традициите, човечките теории и измислици. Наместо да го изнесуваат учењето на Светите списи, тие често пати се расправале за она што луѓето го рекле и напишале за нив. Меѓутоа, предмет на Христовото учење била Божјата реч. На оние кои му поставувале прашања јасно им одговарал : „Пишано е“, „Што вели Писмото“ или „Како читаш“. Секогаш кога ќе разбудел интересирање од страна на пријателите или непријателите, Тој ја изнесувал Божјата реч. Силно и со голема разбирливост ја проповедал пораката на евангелието. Неговите зборови го осветлувале учењето на патријарсите и пророците со светлина која надоаѓала како незадржлива река, додека Светите списи на луѓето им биле претставувани како ново откровение. Никогаш порано Неговите слушатели не забележувале толку длабоко значење во Божјата Реч.

*Сабота, 22 март 2025*

## ЕДНОСТАВНОСТА НА ХРИСТОВОТО ПОУЧУВАЊЕ
**(Елена Вајт - Евангелски работници, 29-30)**

Никогаш не постоел таков евангелист каков што бил Христос. Тој бил величество на небото, но се понизил земајќи ја на себе нашата природа, за да може да им се приближи на луѓето и нивната положба. На сите луѓе, богати или сиромашни, слободни или робови, Христос како весник на заветот, им ја донел пораката на спасението. Гласот за Него како голем Исцелител се пренесувал низ цела Палестина. Во местата низ кои поминувал му биле доведувани болни, кои му се обраќале за помош. Имало многумина кои доаѓале гонети од копнеж да ги слушнат Неговите зборови и да го почувствуваат допирот на Неговата рака. На тој начин Царот на славата, облечен во скромноста на човечката природа, одел од град во град, од место во место, да го проповеда евангелието и да ги исцелува болните.

Доаѓал на големите народни собири и на мноштвото, кое било обземено со надворешните церемонијални црковни обреди, му зборувал за небесните вистини, откривајќи го на нивните умови

она што било вечно и непоминливо. Постојано им делел драгоцености од богатата ризница на својата мудрост. Им зборувал со едноставен јазик со цел сите да можат да го разберат. Со нему својствени методи им помагал на оние кои биле во маки и неволји. Со најнежни чувства на човекољубие, наклонетост и добрина им служел на душите заболени од гревот, донесувајќи им оздравување и сила.

Како учител на сите воспитувачи и просветители, барал пристап до луѓето преку директното дружење со нив. Тој ја изнесувал вистината на таков начин што во срцата на Неговите слушатели секогаш се буделе љубов и најсвети спомени. Ги поучувал за да ја почувствуваат сета добрина на Неговата заинтересираност за нивната среќа и корист. Неговите поуки биле толку непосредни, со практични наведени примери, Неговите зборови толку пријатни и полни со сочувство, што слушателите останувале воодушевени. Неговата едноставност и истрајност, остварена во обраќањето кон настраданите, ги посветувале сите Негови зборови.

*Сабота, 29 март 2025*

## ЕДНАКВО НАКЛОНЕТ КОН БОГАТИТЕ И СИРОМАШНИТЕ
**(Елена Вајт - Евангелски работници, 30-32)**

Колку делотворен бил Неговиот живот! Од ден во ден можело да се види како оди во едноставните престојувалишта на бедните и настраданите, внесувајќи им надеж на отфрлените, а на подјармените и обесхрабрените целосен мир. Полн со сочувство, човекољубие и сожалување, патувал по светот, кревајќи ги потиштените и утешувајќи ги жалосните. Насекаде каде што поминувал донесувал благослов.

Додека им служел на сиромашните, Исус исто така настојувал да го пронајде патот за да им се приближи и на богатите. Барал да се запознае со богатите и учени фарисеи, со еврејските старешини и римскиот капетан. Одговарал на нивните повици, присуствувал

на нивните гозби, се запознавал со нивните интереси и деловни предизвици, со цел да го пронајде местото до нивните срца за да им го открие богатството со непоминлива вредност.

Христос дошол на овој свет за да покаже на кој начин човекот со сила одозгора може да води беспрекорен живот. Во настојувањето да ги задоволи потребите на напатените и сиромашните, покажувал неуморно трпение, сомилост и подготвеност постојано да помогне. Преку нежниот допир на милоста, го истерувал немирот и сомневањето од човековата душа, претворувајќи го непријателството во љубов а неверството во доверба.

Христос не признавал никакви разлики во поглед на националноста, сталежот или вероисповедта. Книжниците и фарисеите посакувале благодатта и даровите од небото да ги ограничат на едно место и една националност, ускратувајќи им го на останатите членови на Божјето семејство во светот. Но Христос дошол да го сруши овој ѕид на поделби. Со своето пратеништво Тој покажал дека даровите на Неговата милост и љубов се неограничени како воздухот, сончевата светлина или поројните дождови кои ја освежуваат земјата.

Со својот живот Христос вовел вера во која не постојат општествени класи, во која Евреите и незнабошците, слободните и робовите се врзани со заедничко братство целосно еднакви пред Бога. Никакви прашања од световната политика не можеле да влијаат на Неговите постапки. Тој не правел никакви разлики меѓу соседите и странците, меѓу пријателите и непријателите. Она што го привлекувало Неговото срце била жедта на душата за водата на животот.

Тој не поминал безобѕирно покрај кое било човечко суштество, сметајќи го за безвредно или недостојно, туку се трудел на секоја душа да ѝ даде спасоносен лек. Во чие било друштво да се наоѓал Тој ја изнесувал пораката која одговарала на даденото време и настанатите околности. Запоставувањата и навредите кои им ги нанесувале луѓето на своите ближни, го правеле посвесен за тоа колку на луѓето им е потребно Неговото божествено сочувство. Копнеел да им влее надеж на најзапоставените и оние кои најмал-

ку ветувале, уверувајќи ги дека можат да станат беспрекорни и чисти, односно да развијат карактер со кој ќе посведочат дека се Божји деца.

Често се среќавал со страдалници кои потполно се препуштиле на сатанската власт и немале сили да се ослободат од неговите окови. На обесхрабрените, болните, искушаните и паднатите души, Христос им упатувал зборови на најнежно сочувство, зборови кои им биле потребни и кои покрај сите слабости можеле да ги разберат. Се среќавал и со оние кои не се предавале во борбата со непријателот на душите. Таквите ги храбрел да бидат истрајни, уверувајќи ги дека сигурно ќе успеат, бидејќи Божјите ангели се на нивна страна, така што ќе им обезбедат победа.

На трпезата на цариниците, Христос седел како почитуван гостин, покажувајќи ја својата друштвеност и љубезност во признавањето на човечкото достоинство, така што луѓето копнееле да бидат достојни за Неговата доверба. Неговите зборови на нивните жедни срца доаѓале со благословена животодавна сила. Во нив се буделе нови копнежи, така што на овие души, кои биле отфрлени од човечкото општество, им се нудела можност за нов живот.

Иако бил Евреин, Христос слободно се дружел со Самарјаните, не осврнувајќи се на националните фарисејски обичаи. И покрај постоечките предрасуди, Тој го прифаќал гостопримството на овој презрен народ. Спиел со нив под ист покрив, на нивните трпези јадел храна која била подготвена од нивните раце, учел по нивните улици и за нив се грижел со најголема љубезност и добрина. И додека со човечката наклонетост и љубов ги придобивал нивните срца, со својата божествена милост на Евреите им нудел спасение – но тие го отфрлиле.

**Градиво за саботна школа**

**Мисионски стихови**
1/2025

Излегува тримесечно:

**Издава:**
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Подготовка:
Мелита Томовска

Одговара:
Илија Киров

За интерна употреба